**ТД МАКОШПЕД АД**
**СКОПЈЕ**

Врз основа на член 20 од Статутот на ТД МАКОШПЕД АД Скопје и член 384 ст.2 т.3 од Законот за трговски друштва, годишното собрание на акционери на својата седница одржана на ден 28.05. 2020 година, ја донесе следната :

# О Д Л У К А

***За вложување на друштвото***

**Член 1**

Се дава согласност на Друштвото да изврши вложување, согласно право на првенствено купување на удел како содружник во друштвото МАГНУМ МЕДИА ДОО увоз-извоз со ЕМБ 7108184 и ЕДБ 4043016519915, со купување на удел на содружник кој изнесува 66% од основна главнина на друштвото за износ од 52.800.000,000 денари.

**Член 2**

Врз основа на оваа одлука се делегира овластување на Одборот на директори за спроведување на одлуката во рамки на законски предвидена постапка за правото на првенствено купување на удел.

Реализацијата на ова вложување според книговодствената вредност на друштвото не претставува голема зделка согласно одредбите од Законот за трговските друштва.

**Член 3**

Се задолжуваат службите на друштвото да ја изработат потребната документација за реализација на оваа одлука.

**Член 4**

Одлуката стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

***О б р а з л о ж е н и е :***

*Годишното Собрание на акционери на ТД МАКОШПЕД АД Скопје на својата седница одржана на ден 28.05.2020 година согласно Статутот на Друштвото и Закон за трговските друштва, по разгледување на точката од дневниот ред одлучи како во диспозитивот, ТД МАКОШПЕД АД Скопје да изврши вложување согласно законската одредба за правото на првенствено купување на удел од правното лице МАГНУМ МЕДИА ДОО увоз-извоз.*

**Број 02-168/10**
**28.05.2020 год.**

**ГОДИШНО**
**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**
***Претседавач,***

______________________
**Зоран Здравев**

Трговско друштво за меѓународна шпедиција, складишта, надворешна трговија, производство и промет МАКОШПЕД АД-СКОПЈЕ